ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 02 - 117/2
Прилеп 27.01 2024 год.

Врз основа на член 393 став 1 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на 27.01.2024година година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За избор на верификациона комисија

член 1

За членови на верификационата комисија на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се избираат:

1.Петар Ристески
2.Александра Колчакоска
3.Љупчо Бабаноски

член 2

Задача на верификационата комисија е да го утврди вкупниот број на акции со право на глас присутни на седницата на акционери согласно книгата на акционери издадена од ЦДХВ како и да го утврди кворумот потребен за работа на Собранието за донесување на полноважни одлуки.

член 3

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 393 став 1 од Законот за трговските друштва и член 50 став 6 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието избира комисија од 3 члена за спроведување на тајно гласање доколку е потребно и други физички лица (бројачи на гласови) .

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Д-но:
Претседавач на Собрание
Именуваните
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-117/3
Прилеп 27.01.2024 год.

Врз основа на член 400 став 1 од Законот за трговските друштва и член 63 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на Седницата одржана на 27.01.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За избор на бројач на гласови

I

За бројач на гласови за оваа Седница на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, се избира лицето Горанчо Лазовски .

II

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 400 став 1 од Законот за трговските друштва ако со законот и со статутот поинаку не е определено, а собранието самото не определи посебен начин на гласање или тајно гласање, начинот на гласањето го определува претседавачот со собранието. За броењето на гласовите собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Д-но
Претседавач на Собрание на акционери
Именуваниот
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 117/4
Прилеп 27.01 2024 год.

Врз основа на член 395 став 2 и став 3 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на ден 27.01.2024г. ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За избор на претседавач на Собрание на акционери

член 1

За Претседавач на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се избира лицето Зоран Трајкоски.

член 2

Мандатот на Претседавачот на Собранието трае до изборот на Претседавач на наредното Собрание на акционери.

**Образложение**

Согласно член 395 став 2 и став 3 од Законот за трговските друштва Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.

Претседавач
на Собрание на Акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" Прилеп АД-Прилеп со П.О.

Д-но:
Претседавач на Собрание
Именованиот
Архива